4. XII. 1989

4134 Централна правосудна книжница
Врховног содишча СР Словеније
61000 - ЉУБЉАНА
ул. "Товчарјева" бр. 9



# СЛУЖ[БЕН ВЕСНИК]
## НА СОЦИЈАЛ[ИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА]

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Петок, 24 ноември 1989
Скопје
Број 41 Год. XLV

Аконтацијата за ... 370.000 динари. Овој број чини 15.000 дин. Жиро сметка 40100-603-12498


**730.**

Врз основа на член 376 став 1 алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

## УКАЗ
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за административните такси,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на седницата на Соборот на здружениот труд одржана на 22 ноември 1989 година.

Бр. 08-4053/1
22 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Јездимир Богдански,** с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
д-р **Вулнег Старова,** с. р.

## ЗАКОН
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ ТАКСИ

Член 1

Во Законот за административните такси („Службен весник на СРМ" број 45/72, 30/77, 25/84, 31/84, 44/85, 7/88 и 51/88), во член 36-а став 1 зборовите: „100.000 до 500.000" се заменуваат со зборовите: „2.000.000 до 10.000.000".

Во став 2 зборовите: „30.000 до 150.000" се заменуваат со зборовите: „600.000 до 3.000.000".

Член 2

Во член 36-б зборовите: „30.000 до 150.000 се заменуваат со зборовите: „600.000 до 3.000.000".

Член 3

Тарифата на републичките административни такси која е составен дел на овој закон се менува и гласи:

„ТАРИФА НА РЕПУБЛИЧКИТЕ АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ"

се плаќа динари

Тарифен број 1

За барања, молби, предлози, пријави и други поднесоци — 10.000

Тарифен број 2

За жалба против решение — 50.000

Тарифен број 3

За сите решенија за кои не е пропишана посебна такса — 50.000

Тарифен број 4

За решение за стекнување или престанок на државјанство на Социјалистичка Федеративна Република Југославија — се плаќа во динарска противвредност од 1000 $

Тарифен број 5

За решение за кое се одобрува право на запишување на пловни објекти за внатрешна пловидба во регистарот, односно очевидникот
1) за пловни објекти — 200.000
2) за чамци — 100.000

Тарифен број 6

За уверение што го издаваат органите ако не е пропишано поинаку — 10.000

Тарифен број 7

За дупликат на исправи за завршено школување или стручна квалификација — 15.000

Тарифен број 10

За препишување на службени акти или документи што се врши кај органите:
1) кога препишувањето го вршат заинтересирани лица од полутабак на оригиналот — 4.500
2) кога препишувањето го врши органот од полутабак на оригиналот — 9.000
3) кога органот го врши препишувањето на акти или документи на странски јазик од полутабак на оригиналот — 15.000

Тарифен број 11

За преводи од еден на друг јазик:
1) ако текстот на оригиналот не надминува 100 зборови — 15.000
2) ако текстот на оригиналот содржи повеќе од 100 зборови се плаќа за секој дел или започнат полутабак — 45.000

Тарифен број 14

За дозвола за поставување на радиостаница:
1) за радиодифузна станица и радиостаница на која ѝ е доделена една фреквенција:
а) до 0,5 КВ — 100.000
б) над 0,5 до 5 КВ — 120.000
в) над 5 до 10 КВ — 150.000
г) над 10 до 50 КВ — 200.000
д) над 50 КВ — 300.000

| | |
|---|---|
| 2) за радиостаница на која ѝ се доделени две фреквенции | 150.000 |
| 3) за радиостаница на која и се доделени три или повеќе фреквенции | 200.000 |
| 4) за дозвола на работа на радиостаница | 100.000 |

Тарифен број 15

| | |
|---|---|
| За технички преглед на машини електрични, електромашински, гасни и други постројки, кои според постојните прописи подлежат за задолжителен преглед заради добивање одобрение за употреба, се плаќа такса по работен час | 40.000 |

Тарифен број 16

| | |
|---|---|
| За чување (депозит) на пари, предмети, и хартии од вредност што депонентите му ги даваат на чување на надлежен орган се плаќа годишно за секои започнати 50.000 динари од вредноста | 4.000 |

Тарифен број 17

| | |
|---|---|
| За опомена со која обврзникот се повикува да ја плати должната такса | 10.000 |

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1990 година.

**731.**

Врз основа на член 20, а во врска со член 196-б од Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 77/78 и 40/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 ноември 1989 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЖЕЛЕЗНИЧКАТА ТРАНСПОРТНА ОРГАНИЗАЦИЈА СО ООЗТ-А — СКОПЈЕ КАКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 1

Железничката транспортна организација со ООЗТ-а — Скопје регистрирана кај Окружниот стопански суд во Скопје, ФИ број 1182/78 и ФИ број 766/78 од 16 ноември 1988 година со основните организации на здружениот труд:

— Сообраќаен погон „Скопје", со седиште во Скопје;

— Влеча на возови „Скопје", со седиште во Скопје;

— За одржување на пруги и пружни постројки „Скопје", со седиште во Скопје;

— За електротехнички постројки „Скопје", со седиште во Скопје;

— Фабрика за шински возила „Велес", со седиште во Титов Велес;

— За ремонт на пруги и нискоградба „Скопје", со седиште во Скопје;

— За железнички авто-сообраќај „Скопје", со седиште во Скопје;

— За железнички авто-сообраќај „Битола", со седиште во Битола;

— За железнички авто-сообраќај „Гостивар", со седиште во Гостивар;

— За железнички авто-сообраќај „Кичево", со седиште во Кичево;

— За железнички авто-сообраќај „Трансбалкан" Гевгелија, со седиште во Гевгелија;

— За меѓународна и внатрешна шпедиција и јавни и цармински складишта „Фершпед", со седиште во Скопје;

— „Феротурист" Скопје, со седиште во Скопје;

— Центар за организација и кибернетика Скопје, со седиште во Скопје;

— За стопанисување со станбени згради, одржување на деловни згради и управување со одморалишта Скопје, со седиште во Скопје;

— Здравствен дом на железничарите „Железничар" Скопје, со седиште во Скопје; и

— Интерна банка на ЖТО — Скопје, со седиште во Скопје, се организира како јавно претпријатие за железнички сообраќај на територијата на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: Претпријатие).

Член 2

Претпријатието работи под фирма: Железничко трнаспортно претпријатие.

Скратениот назив на фирмата е: ЖТП.

Седиштето на Претпријатието е во Скопје.

Член 3

Дејноста на Претпријатието е:

— превоз на патници и предмети во железничкиот сообраќај;

— одржување и ремонт на пруги, пружни постројки, уреди и објекти на пругите;

— изградба и одржување на железнички влечни и влечени возила; и

— одржување на сигнално-сигурности, телекомуникациони и стабилни електро-технички постројки.

Член 4

Досегашните делови на железничката транспортна организација — Скопје кои не вршат дејности од член 3 на оваа одлука, претпријатието може да ги основа како општествени претпријатија.

Член 5

За привремен работоводен орган на Претпријатието се определува дипл. инж. Панче Ковачев, со сите овластувања на работоводен орган определени со закон.

Член 6

Уписот на Претпријатието во судскиот регистар ќе се изврши до 31 декември 1989 година.

Донесувањето на Статутот, изборот на Работничкиот совет и на работоводниот орган на Претпријатието ќе се изврши до 30 април 1990 година.

Член 7

Во Претпријатието се формира Надзорен одбор од девет члена, од кои пет именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија, и четири Работничкиот совет на Претпријатието.

Член 8

Со денот на запишувањето во судскиот регистар Претпријатието ги презема средствата, правата, обврските и работниците од Железничката транспортна организација со ООЗТ-а — Скопје.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4054/1
22 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**732.**

Врз основа на член 20, а во врска со член 196-б од Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ" број 77/88 и 40/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ПАТИШТА „МАКЕДОНИЈАПАТ" — СКОПЈЕ КАКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 1

Работната организација за одржување на јавните патишта „Македонијапат" — Скопје, регистрирана кај Окружниот стопански суд — Скопје, под ФИ бр. 2038/78 од 17. 12. 1979 година со:

— ООЗТ „Македонијапат — Скопје" — Скопје;

— ООЗТ „Македонијапат — Битола" — Битола;

— ООЗТ „Македонијапат — Велес" — Титов Велес;

— ООЗТ „Македонијапат — Штип" — Штип;

— ООЗТ „Македонијапат — Автопат" — Скопје и

— Работната заедница „Заеднички служби"

се организира како јавно претпријатие за одржување на јавните патишта на територијата на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: Претпријатие).

Член 2

Претпријатието работи под фирма: Претпријатие за одржување на јавните патишта „Македонијапат".

Скратениот назив на фирмата е: „Македонијапат".

Седиштето на Претпријатието е во Скопје.

Член 3

Дејноста на Претпријатието е одржување и заштита на јавните патишта и објектите на нив (редовно и инвестиционо одржување и одржување во зимски и вонредни услови).

Член 4

За привремен работоводен орган на Претпријатието се определува дипл. инж. Владимир Иванов, со сите овластувања на работоводен орган определени со закон.

Член 5

Уписот во Судскиот регистар ќе се изврши до 31 декември 1989 година.

Донесувањето на Статутот, изборот на Работничкиот совет и на работоводниот орган на Претпријатието ќе се изврши до 30 април 1990 година.

Член 6

Во Претпријатието се формира надзорен одбор од девет члена од кои пет именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија и четири Работничкиот совет на Претпријатието.

Член 7

Со денот на уписот во судскиот регистар Претпријатието ги презема средствата, правата, обврските и работниците од Работната организација за одржување на јавните патишта „Македонијапат" — Скопје.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4051/1
22 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**733.**

Врз основа на член 20, а во врска со член 196-б од Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ" број 77/78 и 40/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ПОШТЕНСКИ, ТЕЛЕФОНСКИ И ТЕЛЕГРАФСКИ СООБРАЌАЈ „МАКЕДОНИЈА" — СКОПЈЕ КАКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 1

Работната организација за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај „Македонија" — Скопје, регистрирана кај Окружниот стопански суд — Скопје, под Срег. бр. 1425/87 од 8 декември 1988 година, со

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Битола" — Битола;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Кочани" — Кочани;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Куманово" — Куманово;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Охрид" — Охрид;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Прилеп" — Прилеп;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Пошта — Скопје" — Скопје;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Полог" — Тетово;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Повардарије" — Титов Велес;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Струмица" — Струмица;

— Основната организација на здружениот труд за ПТТ сообраќај „Штип" — Штип;

— Основната организација на здружениот труд за ТТ врски „Градски телефон" — Скопје;

— Основната организација на здружениот труд за магистрални и меѓународни ТТ капацитети „Телеком" — Скопје; и

— Основната организација на здружениот труд за „ПТТ изградба и транспорт" — Скопје, се организира како јавно претпријатие за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај на територијата на Социјалистичка Република Македонија (во натамошниот текст: Претпријатие).

Член 2

Претпријатието работи под фирма: Претпријатие за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај „Македонија".

Скратен назив на фирмата е: Претпријатие за ПТТ сообраќај „Македонија".

Седиштето на Претпријатието е во Скопје.

Член 3

Дејноста на Претпријатието е:

— пренос на поштенски пратки, телефонски и телеграфски соопштенија во јавниот, внатрешниот и меѓународниот сообраќај, како и одржување на поштенски, телеграфски и телефонски постројки;

— проектирање, изградба, монтажа, реконструкција и одржување на ПТТ мрежи и уреди за свои потреби и за трети лица,

— превоз на поштенски пратки и ПТТ материјали;

— уплати и исплати на поштенски, телефонски и телеграфски уплатници; и

— други услуги утврдени со номенклатурата за ПТТ услуги.

Член 4

За привремен работоводен орган на Претпријатието се определува лицето Радослав Велјановски, со сите овластувања на работоводен орган утврдени со закон.

Член 5

Уписот во судскиот регистар ќе се изврши до 31 декември 1989 година.

Донесувањето на Статутот, изборот на Работничкиот совет и на работоводниот орган на Претпријатието ќе се изврши до 30 април 1990 година.

Член 6

Во Претпријатието се формира надзорен одбор од девет члена од кои пет именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а четири Работничкиот совет на Претпријатието.

Член 7

Со денот на уписот во судскиот регистар Претпријатието ги презема средствата, правата, обврските и работниците на Работната организација за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај „Македонија" — Скопје.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4052/1
22 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**734.**

Врз основа на член 20, а во врска со член 196-б од Законот за претпријатијата („Службен лист на СФРЈ" број 77/88 и 40/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 ноември 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РАБОТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВО, ПРЕНЕСУВАЊЕ И ДИСТРИБУЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА — „ЕЛЕКТРОСТОПАНСТВО НА МАКЕДОНИЈА" — СКОПЈЕ, КАКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ

Член 1

Работната организација за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија „Електростопанство на Македонија" — Скопје, со Н. Сол. О. регистрирана кај Окружниот стопански суд — Скопје, со Срег. бр. 1371/88 на Рег. влошка 1-2284-0-0-0, со основните организации на здружениот труд:
— ХЕЦ „Тито" — Гостивар;
— ХЕЦ „Шпиље" — Дебар;
— ХЕЦ „Глобочица" — Струга;
— ХЕЦ „Тиквеш" — Кавадарци;
— „Електропренос" — Скопје;
— ТЕЦ „Неготино" — Неготино;
— РЕК „Битола" — Битола;
— РЕК „Осломеј" — Кичево;
— Електро Скопје" — Скопје;
— „Електро Македонија" — Скопје,
се организира како јавно претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија „Електростопанство на Македонија" (во натамошен текст Претпријатие).

Член 2

Претпријатието работи под фирма:

Претпријатие за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија „Електростопанство на Македонија".

Скратен назив на фирмата е:

Претпријатие „Електростопанство на Македонија".

Седиштето на Претпријатието е во Скопје.

Член 3

Претпријатието ги врши следниве дејности:
— производство на електрична енергија,
— пренесување на електрична енергија,
— дистрибуција на електрична енергија, и
— купопродажба на електрична енергија.

Член 4

За привремен работоводен орган на Претпријатието се определува Мито Марковски, со сите овластувања на работоводен орган определени со закон.

Член 5

Уписот во судскиот регистар ќе се изврши до 31 декември 1989 година.

Донесувањето на Статутот, изборот на Работничкиот совет и на работоводниот орган на Претпријатието ќе се изврши до 30 април 1990 година.

Член 6

Во Претпријатието се формира надзорен одбор од девет члена, од кои пет именува Собранието на Социјалистичка Република Македонија, а четири Работничкиот совет на Претпријатието.

Член 7

Со денот на уписот во судскиот регистар, Претпријатието ги презема средствата, правата и обврските и работниците на Работната организација „Електростопанство на Македонија".

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4050/1
22 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**735.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83, 4/87, 4/89 и 18/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија на седницата на Соборот на здружениот труд, одржана на 22 ноември 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 НОЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 ноември до 31 декември 1989 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија на седницата одржана на 30 октомври 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4049/1
22 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**736.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ број 18/83, 4/87, 4/89 и 18/89), Собранието на Социјалистичка Република Македонија па седницата на Соборот на здружениот труд, одржана 22 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА СОГЛАСНОСТ НА СОБРАНИЕТО НА СРМ СО ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 НОЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласно со Одлуката за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 ноември до 31 декември 1989 година, што ја донесе Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување, на седницата одржана на 30 октомври 1989 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-4048/1
22 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
**Иван Аврамовски,** с. р.

**737.**

Врз основа на член 18, од Законот за адвокатурата и другите видови на правна помош („Службен весник на СРМ“ број 6/72 и 13/78 и член 114, став 2 од Деловникот на Извршниот совет на Собранието на СРМ („Службен весник на СРМ“) бр. 28/86, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, на седницата одржана на 9 ноември 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА СТАВКИТЕ НА НАГРАДАТА ЗА ДАДЕНА ПРАВНА ПОМОШ ОД СТРАНА НА АДВОКАТИТЕ ПРЕДВИДЕНА ВО ТАРИФАТА ЗА НАГРАДАТА И НАДОМЕСТОКОТ НА ТРОШОЦИТЕ ЗА РАБОТА НА АДВОКАТИТЕ

1. Се дава согласност на Одлуката за зголемување на ставките на наградата за дадена правна помош од страна на адвокатите предвидена во Тарифата за наградата и надоместокот на трошоците за работа на адвокатите, која стапи во сила на 4. 08. 1989 година, за 100%, донесена на седницата на Претседателството на Адвокатската комора на Македонија, одржана на 21. X. 1989 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2269/1
9 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**738.**

Врз основа на член 4 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1989 година („Службен весник на СРМ“, бр. 50/88), а во врска со член 53, став 1, точка 1 од Законот за системот на финансирањето на општините и Републиката („Службен весник на СРМ“, бр. 44/77, 37/83, 42/85, 50/87, 10/88, 20/88, 28/88, 51/88 и 18/89), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ПОСТОЈАНАТА РЕЗЕРВА НА СР МАКЕДОНИЈА

1. Од Постојаната резерва на СР Македонија се доделуваат средства на следниве општини:

| | | |
|---|---|---|
| — Кичево | 2.700.000.000 | динари |
| — Кратово | 53.000.000 | „ |
| — Демир Хисар | 681.000.000 | „ |
| — Крива Паланка | 675.000.000 | „ |
| — Битола | 4.900.000.000 | „ |
| — Ресен | 46.000.000 | „ |
| — Прилеп | 121.000.000 | „ |
| — Куманово | 2.389.000.000 | „ |
| — Дебар | 251.000.000 | „ |
| — Крушево | 302.000.000 | „ |

2. Средствата од точка 1 на оваа одлука на општините им се даваат во вид на позајмица, со рок на враќање до 15 февруари 1990 година.

3. За користењето и враќањето на средствата од точка 1 на оваа одлука ќе се склучи договор помеѓу општините и Републичкиот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2427/1
13 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р.

**739.**

Врз основа на член 3 од Законот за водење на паричните средства на Републиката и на општините како депозит во Народната банка на Македонија („Службен весник на СРМ“, број 42/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ НАМЕНИ, НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА НА РЕПУБЛИКАТА И ОПШТИНИТЕ ШТО СЕ ВОДАТ КАКО ДЕПОЗИТ ВО НАРОДНАТА БАНКА НА МАКЕДОНИЈА ВО 1989 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година („Службен весник на СРМ“ бр. 6/89, 19/89, 27/89, 31/89, 32/89, 33/89), во член 2, во точка 5 износот „10.000“ се заменува со износот „20.000“, во точка 6 износот „3.000“ се заменува со износот „5.000“, во точка 14 износот „8.000“ се заменува со износот „11.000“, и во точка 16 износот „30.000“ се заменува со износот „35.000“.

Член 2

Во член 3 алинеја 8 зборовите „3 месеци“ се заменуваат со зборовите „1 година“.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-2317/1
13 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
м-р **Глигорие Гоговски,** с. р

**740.**

Врз основа на член 24 од Законот за заемот за вработување („Службен весник на СРМ“ бр. 46/86, 1/87, 24/88, 51/88, 18/89 и 39/89), републичкиот секретар за финансии донесува

## УПАТСТВО
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА УПАТСТВОТО ЗА НАЧИНОТ НА ЗАПИШУВАЊЕ, УПЛАТУВАЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ВРАЌАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ОД ЗАЕМОТ, КАКО И ФОРМАТА И ТЕКСТОТ НА ОБВРЗНИЦИТЕ

1. Во Упатството за начинот на запишување, уплатување, користење и враќање на средствата од заемот, како и формата и текстот на обврзниците („Службен весник на СРМ“ бр. 2/87, 36/87 и 7/89), во точка 2 втората реченица се брише.

2. Во точка 4 бројот „5.000“ се заменува со бројот „30.000“.

3. Ова упатство влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 08-3768
30 октомври 1989 година
Скопје

Републички секретар
за финансии,
м-р **Методија Тошевски,** с. р.

# ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

## ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**343.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на седницата одржана на 30 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД 1 НОЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 ноември 1989 година се утврдува на 18,50 насто за примањата за ноември и декември 1989 година.

Член 2

Како основица за пресметување и плаќање на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување се зема остварениот личен доход на работниците кај правните лица, со тоа што досегашната стапка од 16,50 насто се пресметува од бруто личниот доход, а разликата од 2 процентни поени претворени во нето стапка се пресметува на чистиот личен доход.

Член 3

За осигурениците за кои се утврдува само чист личен доход, придонесот за пензиското и инвалидското осигурување се пресметува и плаќа од чистиот личен доход со примена на пресметана стапка за чист личен доход врз основа на збирот на републичките и општинските стапки на придонесите од личниот доход.

Член 4

Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ по дадената согласност од Собранието на СР Македонија, а ќе се применува од 1 ноември 1989 година

Бр. 15-3377/1
30 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска** с. р.

**344.**

Врз основа на член 122 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 18/83, 4/87 и 4/89) и член 142 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 33/86 и 22/89), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 30 октомври 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ОД ДОХОДОТ ЗА СТАЖОТ НА ОСИГУРУВАЊЕ ШТО СЕ СМЕТА СО ЗГОЛЕМЕНО ТРАЕЊЕ ОД 1 НОЕМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 1989 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурувањето што се смета со зголемено траење од 1 ноември 1989 година се утврдува од зголемената стапка по стапки од:

а) 9,25 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 18 месеци;

б) 7,70 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 месеци;

в) 6,17 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 16 месеци;

г) 4,62 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 15 месеци;

д) 3,08 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 14 месеци;

ѓ) 1,54 насто за вршење на работи и работни задачи на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 13 месеци.

Член 2

Придонесот за пензиско и инвалидското осигурување за стажот што се смета со зголемено траење се пресметува од личниот доход на вработените на кои стажот на осигурувањето се смета со зголемено траење и го плаќаат организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници од својот доход.

Член 3

Уплата на придонесот од доходот по стапките од член 1 на оваа одлука од обврзниците се врши при поднесувањето на периодичните и завршната сметка.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 ноември 1989 година.

Бр. 15-3378/1
30 октомври 1989 година
Скопје

Претседател,
**Олгица Богатиноска** с. р.

## ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА — КАВАДАРЦИ

**345.**

Врз основа на член 314 и 315 од Статутот на Општинската СИЗ за здравствена и социјална заштита — Кавадарци, Програмата за мерки и економска политика во 1989 година и Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот од доходот од ООЗТ, Собранието на ОСИЗ за здравствена и социјална заштита — Кавадарци, на седницата одржана на 31 октомври 1989 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1989 ГОДИНА

Член 1

Работните луѓе во ОЗТ и граѓаните кои се занимаваат со самостојна стопанска и нестопанска дејност во 1989 година, ќе ги издвојуваат следните придонеси за финансирање на здравството и здравственото осигурување:

1. ОЗТ од областа на стопанството и нестопанството (дејностите од 01 д 014), ќе издвојуваат 12% од бруто личниот доход од 1. X. 1989 година;

2. граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат по остварен доход, ќе издвојуваат 13% од утврдената даночна основица за 1989 година, која не може да биде пониска од просечно исплатениот бруто личен доход во СРМ во 1989 година.

Оваа стапка од точка 2 ќе се применува од 1. I. 1989 година;

3. граѓаните кои остваруваат личен доход од вршење на самостојна стопанска или нестопанска дејност, а се оданочуваат во паушален износ, ќе ги плаќаат следните придонеси:

— граѓаните кои се занимаваат со самостојни стопански и нестопански дејности, кои со Одлуката на Собранието на општината се прогласени за дефицитарни и во одумирање, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50% на основицата минимален личен доход остварен во предходната 1988 година во бруто износ во СРМ;

— останатите паушалисти ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50% на основица просечен бруто личен доход остварен во стопанството на општината во претходната 1988 година;

4. Лицата кои примаат материјално обезбедување преку Заедницата за вработување, ќе плаќаат придонес по стапка од 9,50%.

Член 2

Придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести на работниците од областа на стопанството и нестопанството за 1989 година се пресметува по стапка од 0,50% од остварениот доход.

Основица за пресметување на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход зголемен за искажаните износи во образецот Биланс на успехот во делот деловни расходи и тоа:

— вкалкулирани долгорочни резервирања на материјалните трошоци;

— вкалкулирани долгорочни резервирања на нематеријалните трошоци.

Основица за пресметување на месечната аконтација на придонесот од доходот на организациите на здружен труд претставува остварениот доход валоризиран со процентот на кумулативниот пораст на цените на мало во Републиката или со процентот на порастот на просечниот чист личен доход по вработен во организацијата, согласно член 17 став 2 од Законот за данок од доход на организациите на здружен труд.

ОЗТ кои не пресметуваат доход, придонесот од доходот ќе го пресметуваат по 0,50% од бруто личниот доход.

Во поглед на роковите и начинот на пресметувањето, уплатувањето, застареноста и присилната наплата на придонесот од доходот ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за данокот од доходот на организациите на здружениот труд, а за придонесот од личниот доход ќе се применуваат соодветните одредби од Законот за даноците на граѓаните.

Оваа стапка ќе се применува од 1. I. 1989 година.

Член 3

Организациите на здружен труд и тоа:
1. А. К. „Тиквеш" — Кавадарци со:
— ООЗТ „Гоце Делчев" — с. Возарци,
— ООЗТ „Краиште" — Кавадарци,
— ООЗТ „Сопотско поле" — с. Сопот,
— ООЗТ „Кооперација" — Кавадарци,
— ООЗТ „Доне Попов" — с. Конопиште,
— ООЗТ „Л. Ф. — Лавски" — с. Сирково,
— ООЗТ „Винарство" — Кавадарци,
— ООЗТ „Душан Ќириќ" — с. Росоман,
— ООЗТ Работна заедница
Заедничка стручна служба — Кавадарци;

2. ОЗТ „Дафинка" — Кавадарци;
3. Шумско стопанство „БОР" — Кавадарци.

Се ослободуваат привремено од плаќање на придонес од бруто личниот доход со 16,67% почнувајќи од 1. X. 1989 година ќе плаќаат придонес од бруто личниот доход по стапка од 10%.

Член 4

Организациите, установите и органите на управата и тоа:

1. Завод за унапредување на предучилишно и основно образование,
2. ЦОУ „Д. А. — Габерот" — с. Сопот,
3. ЦОУ „Тоде Х. Тефов" — Кавадарци,
4. ЦОУ „Димката А. Габерот" — Кавадарци,
5. ЦОУ „Страшо Пинџур" — с. Дреново,
6. ЦОУ „Димката А. Габерот" — с. Ваташа,
7. ЦОУ „Т. Велков — Пепето" — Кавадарци,
8. ЦОУ „Страшо Пинџур" — Кавадарци,
9. ЦОУ „Лазо Филиповски" — с. Сирково,
10. ЦОУ „Гоце Делчев" — Кавадарци,
11. ЦОУ „Пере Тошев" — с. Росоман,
12. ЦОУ „ОМУ Л. М. — Рале" — Кавадарци,
13. Гимназија „Ј. Б. Тито" — Кавадарци,
14. УЦ „Ќ. С. Брко" — Кавадарци,
15. ЗШУЦ „Иво Лола Рибар" — Кавадарци,
16. Ученички дом „Крсте Мисирков" — Кавадарци,
17. Органот на Управата на С. О. — Кавадарци,
18. СВР — Кавадарци,
19. Општински суд — Кавадарци,
20. Општинско јавно обвинителство — Кавадарци,
21. Општински штаб за територијална одбрана — Кавадарци,
22. ССРНМ — Кавадарци,
23. Црвен крст — Кавадарци,
24. СЗБ — Кавадарци,
25. Здружение на приватни занаетчии,
26. ССММ — Кавадарци,
27. СИЗ за образование.

Се ослободуваат привремено да плаќаат придонес на бруто личниот доход со 58,32% почнувајќи од 1. X. 1989 година ќе плаќаат придонес од бруто личниот доход по стапка од 5,0%.

Член 5

МИК „Блажо Тодоровски — Чичето" — Кавадарци и ОЗТ „Кавадарка" — Кавадарци се ослободуваат времено од плаќање на придонес од бруто личен доход со 50% и почнувајќи од 1. X. 1989 година ќе плаќаат придонес од бруто личниот доход по стапка од 6%.

Член 6

Се овластува претседателот на Собранието на ОСИЗ за здравствена заштита — Кавадарци помеѓу две седници на Собранието да донесува одлука за измена и дополнување на оваа одлука, со цел истата да се зголеми или намали за да се обезбеди нормално финансирање на здравството, а на првата наредна седница да ја достави истата на потврдување.

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Член 8

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците за 1989 година, бр. 0201-68 од 12. V. 1989 година, („Службен весник на СРМ“ бр. 2/89), Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за ослободување од наплатување на придонес за МИК „Блажо Тодоровски — Чичето“, бр. 0201-367/10 од 14 јули 1989 година, Одлуката за ослободување од наплатување на придонес, бр. 0201-110/15 од 27 февруари 1989 година и Одлуката на „Кавадарка“ бр. 367/9.

Бр. 682/9
31 октомври 1989 година
Кавадарци

Претседател,
**Диме Чејков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ПЕНЗИСКО И ИНВАЛИДСКО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

**346.**

Врз основа на член 225-ѓ од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 3/84, 36/86 и 22/89) и одредбите на Статутот на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Кавадарци, Собранието на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Кавадарци, на седницата одржана на 25 јуни 1989 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ОСНОВНАТА ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КАВАДАРЦИ

Член 1

Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Кавадарци престанува со работа сметано од 9 септември 1989 година.

Член 2

Правата, обврските и одговорностите на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување и управувањето со средствата од областа на инвалидската заштита и општествениот стандард на корисниците на пензија се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0201-126/5
25 јуни 1989 година
Кавадарци

Претседател,
**Драган Коцев,** с. р.

## СУДСКИ ОГЛАСИ

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ I — СКОПЈЕ

Пред Општинскиот суд Скопје I — Скопје поведена е процесна постапка за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителот Зика Биљал од Скопје, против тужениот Абадиев Шакиров Сефер од Турција, со непозната адреса на живеење.

За привремен застапник на тужениот Абадиев Шакиров Сефер, му се одредува адвокатот Кирил Чејковски од Скопје, кој ќе го застапува во постапката сè додека тужениот или неговиот полномошник не се јават пред судот, односно додека органот за старателство не го извести судот дека на тужениот му е поставен старател.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XVII. П. бр. 1057/89 (188)

Пред овој суд е поднесена тужба за развод на брак од тужителката Рофа Зора од Скопје, против тужениот Рофа Јанош од Скопје, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужениот Рофа Јанош да се јави во рок од 30 дена во Општинскиот суд Скопје I — Скопје.

Доколку во истиот рок не се јави, судот ќе му постави привремен застапник кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XVIII. П. бр. 3278/89. (196)

Пред овој суд во тек е постапка за развод на брак по тужбата на тужителката Шехербан Ница, на привремена работа во Париз — Франција, против тужениот Мирче Ница, кој престојува во Париз со непозната адреса.

Се повикува тужениот Мирче Ница лично да се јави во рок од 30 дена од објавувањето на овој оглас во „Службен весник на СРМ“ и на огласната табла на судот, да ја достави својата адреса или да постави свој полномошник кој ќе го застапува во постапката. Во спротивно, на истиот ќе му биде поставен привремен застапник кој ќе го застапува до неговото јавување пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје I — Скопје, XX П. бр. 2320/89. (198)

ОПШТИНСКИ СУД СКОПЈЕ II — СКОПЈЕ

Пред овој суд е заведен спор за утврдување непостоење право на службеност по тужбата на тужителите Петковски Благоја, Петковски Спасо, Тасевски Мирче и Тасевски Величко сите од Скопје, против тужениот Тасевски Стојан од Скопје. Вредност на спорот 10.000 динари.

Се повикува тужениот Тасевски Стојан од Скопје, да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во овој суд, или, пак, во истиот рок да ја достави својата точна адреса на живеење.

Доколку тужениот не се јави во рок од 30 дена на истиот ќе му биде определен привремен старател во смисла на член 84 од ЗПП кој ќе ги застапува неговите интереси пред судот до окончувањето на постапката или до нивно појавување во судот.

Од Општинскиот суд во Скопје II — Скопје, V П. бр. 2371/89. (187)

Пред овој суд се води спор за развод на брак по тужбата на тужителот Фазли Ќани од Скопје, ул. „Струмичка“ згр. 16 вл. I ст. 19, против тужената Фазлије Азем со непозната адреса во Турција. Вредност на спорот 100.000 динари.

Се повикува тужената Фазлије Азем, да се јави во овој суд во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас, или, пак, во истиот рок да достави своја адреса на живеење во судот.

Доколку тужената не се јави во рок од 30 дена, на истата судот по службена должност ќе и постави привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XIII П. бр. 3364/89. (186)

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје заведен е спор за развод на брак по тужбата на тужителот Живко Николовски од Скопје, с. Арачиново, ул. „Маршал Тито“ бр. 9-б, против тужената Станка Николовска од с. Кршевица — Врање, сега со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Станка Николовска од с. Кршевица — Врање да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас и да ја достави сегашната адреса на живеење. Во спротивно, на истата ќе ѝ се одреди привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси пред судот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XVI П. бр. 1174/89. (189)

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Гулистан Садет од Скопје, ул. „Московска“ бб, против тужениот Ајдин Димерали, со непозната адреса на живеење во Италија.

Се известува тужениот Ајдин Димерали да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот и да достави точна адреса на живеење.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П бр. 2265/89. (190)

---

Пред Општинскиот суд Скопје II — Скопје е заведен спор за развод на брак по тужбата на тужителот Мустафа Шакиров, ул. „Бутелска“ бр. 76 — Скопје, против тужената Цеврија Ибраим Шакирова, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Цеврија Ибраим Шакирова да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на овој оглас и да достави сегашна адреса на живеење. Во спротивно, ќе биде поставен привремен старател кој ќе ги застапува нејзините интереси во спорот.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, XVI П. бр. 3267/89. (197)

---

Пред овој суд се води постапка за развод на брак по тужбата на тужителот Имер Арифовски од Скопје, против тужената Садија Фазлиева Арифовска, со непозната адреса на живеење.

Се повикува тужената Садија Фазлијева Арифовска да се јави во рок од 30 дена во Општинскиот суд Скопје II — Скопје, и да ја достави својата адреса на живеење. Во спротивно, ќе й биде поставен привремен старател.

Од Општинскиот суд Скопје II — Скопје, П бр. 3441/89. (199)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО БЕРОВО

Пред Општинскиот суд во Берово е поведена постапка за докажување на смртта на покојниот Глигор Јован Спенџарски, роден на 20. VII. 1924 година во с. Смојмирово, кој како државјанин на СФРЈ живеел во НР Бугарија.

Се повикуваат сите лица кои нешто знаат за смртта на Глигор Спенџарски да се јават во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во „Службен лист на СФРЈ“ и „Службен весник на СРМ“ во Општинскиот суд во Берово.

Доколку огласниот рок помине безуспешно, ќе биде донесено решение за докажување на фактите за смртта на покојниот Глигор Спенџарски.

Од Општинскиот суд во Берово, Р. бр. 220/89. (194)

## ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за издршка по тужбата на тужителот Сулејмани Ремзи, застапуван од законскиот застапник Хазири Фетије од село Теново, против тужениот Сулејмани Ремзи Рамадан од с. Долно Палчиште, сега на привремена работа во СР Германија, со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во судот во рок од 30 дена по објавувањето на огласот, да достави точна адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува по овој предмет.

По истекот на овој рок, судот на тужениот ќе му постави привремен застапник преку Центарот за социјални работи во Тетово, кој ќе го застапува до правосилното окончување на постапката по овој спор.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1054/89. (195)

---

Пред овој суд се води спор за надомест на штета по тужбата на тужителот ЗОИЛ „Македонија“ Филијала Тетово, против тужениот Јакупи Адил од Тетово. Вредност на спорот 648.800 динари.

Се повикува тужениот Јакупи Адил од Тетово, сега со непозната адреса, да се јави во рок од 15 дена по објавувањето на огласот во Општинскиот суд во Тетово, да достави своја адреса или постави свој полномошник. Доколку во овој рок тоа не го стори, судот ќе му постави привремен старател кој ќе ги штити правата и интересите во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1370/88. (191)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за утврдување право на сопственост по тужбата на тужителката Серафимовска Благородна од Тетово, ул. „Шарпланинска“ бр. 23, против тужениот Димовски Серафимов Крсто од Скопје, ул. „Страшо Пинџур“ бр. 54, а сега со непозната адреса во Југославија. Вредност на спорот 1.000.000 динари.

Се повикува тужениот Димовски Серафимов Крсто да се јави во рок од 15 дена во овој суд, да ја достави својата адреса или, пак, постави свој полномошник. Во спротивно, по истекот на овој рок, судот на истиот ќе му постави привремен старател кој ќе се грижи за неговите права и интереси во постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1766/89. (193)

---

Пред овој суд се води спор за сопственост по тужбата на тужителот Вејсел Имеровиќ од Тетово, ул. „Гоце Делчев“ бр. 188, против тужените Форе Петровски од Ѓорче Петров, односно ул. „Ѓорче Петров“ бр. 21 и ул. „Косовска“ бр. 21 во Скопје, Бора Петроска од Тетово, Таип Демири од Тетово, сите со непозната адреса. Вредност на спорот 10.000.000 динари.

Се повикуваат тужените да се јават во судот во рок од 30 дена од денот на објавувањето или во истиот рок ополномоштат свој застапник во земјата. По истекот на овој рок, судот ќе им одреди привремен застапник преку Центарот за социјални работи во Тетово кој ќе се грижи за нивните интереси во постапката до правосилното окончување на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1487/89. (192)

---

Пред овој суд се води спор за долг од тужителот ЗС „Триглав“ Крањ — Горењска Обмочна скупност „Олдхамска“ бр. 2, против тужениот Халиловиќ Насер од Тетово, ул. „144“ бр. 15/11, сега со непозната адреса. Вредност на спорот 440.000 динари.

Се повикува тужениот Халиловиќ Насер од Тетово, да се јави во рок од 30 дена пред судот или овласти свој полномошник во земјата. Во спротивно, по истекот на овој рок судот ќе му одреди привремен застапник преку Центарот за социјални работи Тетово, кој ќе се грижи за неговите интереси во спорот до правосилното окончување на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1137/89. (183)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за сопственост по тужбата на тужителот Голубе Сотировски од с. Волковија, против тужените Димчевски Серге, Рафајловска Зора, Рафајловска Гуга и Петровска Ката со непозната адреса на живеење.

Се повикуваат тужените да се јават во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достават адреса или овластат полномошник кој ќе ги застапува во оваа постапка до нејзиното окончување.

Во спротивно, по истекот на овој рок, судот преку Центарот за социјални работи во Тетово, ќе им постави привремен застапник.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 345/88. (184)

---

Пред Општинскиот суд во Тетово, се води постапка за исполнување на договор за купопродажба по тужбата на Љума Абдураим од с. Непроштено, против тужениот Драги Трпевски од Скопје, сега со непознатата адреса на живеење во САД.

Се повикува тужениот да се јави во рок од 30 дена по објавувањето на огласот во судот, да достави адреса или овласти полномошник кој ќе го застапува во оваа постапка. Во спротивно, по истекот на овој рок судот преку Центарот за социјални работи во Тетово, ќе му постави привремен застапник кој ќе ги застапува неговите интереси до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1555/89. (185)

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 668 од 12. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-2222-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Самоуправната интересна заедница на становањето и комунални дејности Ц. О. — Куманово, ул. „Моша Пијаде“ бр. 14, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Драги Јаневиќ — в. д. секретар, без ограничување, а се запишува новиот застапник Славко Димовски, секретар без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 668/89. (250)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 497 од 2. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-820-0-0-0, го запиша бришењето на привремените мерки и промената на лицето овластено за застапување на Медицинскиот центар „Академик проф. д-р Димитар Арсов“, Ц. О., Крива Паланка, ул. „Маршал Тито“ бб, со следните податоци: Се бришат привремените мерки и досегашниот претседател на привремениот одбор Стоилко Арсовски, без ограничување, а се запишува новиот застапник д-р Стојне Величковски, директор, без ограничување

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 497/89. (249)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 566 од 22. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 3-1444-0-0-0, го запиша во судскиот регистар престанокот на СИЗ со следните податоци: Се запишува престанокот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците на општина Чаир — Скопје, со целосна одговорност, ул. „Кочо Рацин“ бр. 91.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 566/89. (229)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 505 од 20. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2199-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделската задруга „Кожуф“ с. Петрово, Гевгелија, со следните податоци: Се брише Николовски Методе, директор, а се запишува новиот застапник Смилевски Иво, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 505/89. (212)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 571 од 26. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр 2-2199-0-0- 0, го запиша во судскиот регистар проширувањето на споредната дејност на Земјоделската задруга „Кожуф“, Р. О., с. Петрово — Гевгелија, со следните податоци: 070211 — житарици и млински производи; 070212 — зеленчук, овошје и нивни производи; 070213 — алкохолни пијалаци; 070214 — стока и живина; 070219 — разни животни намирници и производи за домашни потреби; 070221 — текстил и конфекција; 070222 — сирова кожа, волна и сл.; 070223 — метална и електротехничка стока; 070224 — градежен, санитарен и инсталационен материјал; 070225 — хемиски производи бои и лакови; 070226 — хартија, канцелариски материјал и прибор; 070230 — трговија на големо со возила, делови и прибор; 070250 — трговија на големо со мешана стока; 070260 — трговија на големо со индустриски отпадоци; 070229 — други непрехранбени производи, производи на црна и обоена металургија, племенити метали, каучук, пластика и пластични маси, нафта, огревно дрво, јаглен, овошни и шумски садници, лозови и други садници, семенска стока, сточна храна и др.; 070121 — текстил и конфекција; 070122 — чевли, кожа, гума и пластика; 070123 — метална и електротехничка стока; 070128 — книги, канцелариски материјал и прибор 070132 — останата работа со мешана стока; 070140 — трговија на мало со возила и делови.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 571/89. (211)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 351 од 21. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1875-0-0-0, го запиша во судскиот регистар дополнувањето — проширувањето на споредната дејност на Земјоделската задруга „Дреновска Клисура“, Р. О. с. Дреново — Кавадарци, со следните податоци:

070111 — леб, печиво, млеко и млечни производи;

070112 — зеленчук, овошје и преработка;

070113 — месо, живина, риба и месни производи;

070114 — разни животни продукти, алкохолни пијалаци и производи за домашни потреби;

070121 — текстил и конфекција;

070122 — обувки, кожа, гума и пластика;

070123 — метални и електротехнички стоки;

070125 — мебел;

070126 — керамика, стакло и порцелан;

070128 — книги, канцелариски материјал и прибор;

070211 — жита и млечни производи;

070212 — зеленчук, овошје и преработка;

070213 — алкохолни пијалаци;

070214 — добиток и живина;

070219 — разни животни продукти и производи за домашни потреби;

070223 — метални и електротехнички стоки;

070224 — градежен, санитарен и инсталационен материјал;

070225 — хемиски производи, бои и лакови;

070230 — трговија на големо со возила, делови и прибор;

070250 — трговија на големо со мешани стоки.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 351/89. (191)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 396 од 27. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1744-19-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитание и образование „Карпош“ О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, ООЗТ ЦОУ „Боро и Рамиз“ с. Радуша, Скопје со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Мамути Фадиљ, в. д. директор, а се запишува новиот застапник Биља Ремзи, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 396/89. (185)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 441 од 10. V. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-245-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Републичкиот центар за унапредување на земјоделството „Скопје“, Ц.О. — Скопје, ул. „Босна и Херцеговина“ бб, Бутел — барака 5, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Петров Владо, в.д. директор, а се запишува новиот застапник Глигор Чолаков, привремен работоводен орган, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 441/89. (165)

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 267 од 20. III. 1989 година ,на регистарска влошка бр. 2-2199-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на својството на лицето

овластено за застапување на Земјоделската задруга „Кожуф“, Р. О.. с. Петрово — Гевгелија, со следните податоци: Досегашниот в. д. директор Методе Николовски се запишува како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 267/89. (124)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 608 од 1. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-1744-22-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитание и образование „Карпош“ О. Сол. О. со ООЗТ Скопје, ул. „Радика“ бр. 9, ООЗТ Основно училиште „Аврам Писевски“ с. Бардовци со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Станковиќ Радмила, в. д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Момировски Милан, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 608/89. (266)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 476 од 7. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-272-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Службата за унапредување на индивидуалното земјоделие „Благој Абрашев“ Ц. О., Титов Велес, ул. „Маршал Тито“ бр. 22, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Ангел Чочков, директор, а се запишува новиот застапник дипл. инж. Стојанов Александар, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 476/89. (271)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 463 од 12. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-185-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Централното основно училиште „Браќа Миладинови“ с. Долни Дисан — Неготино, со следните податоци: Се брише Тодорова Нада в. д. директор, а се запишува Толева Ангелина, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 463/89. (228)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 495 од 26. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-2338-0-0-0, го запиша во судскиот регистар запишувањето на Работната заедница под фирма: Работна заедница на Градската конференција на Филмската младина и музичката младина на Скопје, Ц О., ул. „Илинденска“ бб, Скопје.

Работната заедница се формира врз основа на донесени одлуки, Одлука на Градската конференција на филмската младина бр. 0301/17 од 30. III. 1989 година. Одлуката на музичката младина на Скопје — Градската конференција бр. 27 од 10. III. 1989 година.

Дејност: 070132 — продажба на видео касети и други носачи на аудиовизуелни сигнали; 070123 — продажба на видео-аудио опрема; 11099 — други неспомнати услуги (организирање на музички манифестации и застапување на млади уметници).

Работите што во правниот промет ги презема Работната заедница за потребите на Градската конференција на филмската младина и музичката младина на Скопје — Градската конференција ги презема во име на Градската конференција на филмската младина и музичката младина на Скопје — Градска конференција и за нивна сметка.

Работите што во правниот промет ги презема Работната заедница за свои потреби ги презема во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица, Работната заедница одговара со сите свои средства.

Лице овластено за застапување е Петковски Благоја, работоводен орган без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 495/89. (243)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 434 од 28. IV. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2200-0-0-0, го запиша во судскиот регистар проширувањето — дополнувањето на дејноста на работењето на Градежно занаетчиската задруга „Обнова“ — Кавадарци, „Моша Пијаде“ 8А, со следните споредни дејности:

070123 — метални и електротехнички стоки;
070124 — огрев и градежен материјал;
070125 — мебел;
070126 — керамика, стакло и порцелан;
070127 — бои, лакови и хемикалии;
070132 — друга трговија со мешана стока;
070223 — метални и електротехнички стоки;
070224 — градежен, санитарен и инсталационен материјал;
070225 — хемиски производи, бои и лакови.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 434/89. (244)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 697 од 20. VII 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-534-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Народната библиотека „Феткин“, Ц. О., — Кавадарци, ул. „7-ми септември“ бр. 1, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Вчков Дане, директор, а се запишува новиот застапник Блажо Чулев, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 697/89. (252)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 724 од 31. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 1-388-0-0-0, ги запиша во судскиот регистар привремените мерки и промената на застапникот на Ветеринарната станица „Песјак“, Ц О., Македонски Брод, нас. „Сарај“ бб, со следните податоци: се брише досегашниот в. д. директор, Будимир Томевски, а се запишуваат привремените мерки и Трајкоски Милан како привремен орган.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 724/89. (253)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 611 од 13. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-1071-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената и проширувањето на дејноста на ѕидаро фасадерската задруга „Солитер“, Р. О., — Скопје, ул. „Цветан Димов“ бб, барака 3, Бутел II, со следните податоци: Се запишува проширувањето на досегашната дејност со: 070224 — градежни, санитарни и инсталациони материјали; 070223 — метални и електрични стоки; 070225 — хемиски производи, бои и лакови; 070250 — трговија на големо со мешана стока; 070260 — трговија на големо со индустриски отпадоци; 070230 — трговија на големо со возила, делови и прибор; 070229 — други непрехранбени производи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег. бр. 611/89. (267)

---

Окружниот стопански суд во Скопје, со решението Срег. бр. 618 од 13. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 2-2237-0-0-0, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Општата задруга „Сколит“ О. Сол. О. — Скопје, ул. „Битпазарска“ бр. 125, со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Петровски Златко, в. д. директор, без ограничување, а се запишува новиот застапник Петров Александар директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Срег бр. 618/89. (269)

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 250 од 13. VII. 1989 година, на регистарска влошка бр. 27, го запиша во судскиот регистар престанокот со работа на ОСИЗ за старосно осигурување на земјоделците — Струга, со следните податоци: Престанок со работа и бришење од регистарот на Самоуправната интересна заедница за старосно осигурување на земјоделците — Струга.

Средствата, правата и обврските се пренесуваат на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 250/89. (275)

---

Окружниот стопански суд во Битола, со решението Срег. бр. 223 од 22. VI. 1989 година, на регистарска влошка бр. 104 од 22. VI. 1989 година, ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Културно образовната установа „Браќа Миладиновци" — Струга, со следните податоци: Лице овластено за застапување е Попоска Евда, директор, со неограничени овластувања (досегашен в. д. директор).

Од Окружниот стопански суд во Битола, Срег. бр. 223/89 (276)

---

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ" бр. 17/79), Собранието на општината Делчево — Комисија за избори и именувања

ОБЈАВУВА

дека ќе врши реизбор на претседател на Општинскиот суд во Делчево

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од член 91 од Законот за редовните судови, пријавите со потребните документи да ги достават до Собранието на општината Делчево — Комисија за избори и именувања, во рок од 15 дена од денот на објавувањето. (284)

---

ОБЈАВИ

Врз основа на член 35 од Општествениот договор за измени и дополнувања на Општествениот договор за заедничките основи и мерила за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи („Службен весник на СРМ" бр. 18/87 и 25/89), Координациониот одбор

ОБЈАВУВА

планирани елементи за примена на мерилата за распоредување на чистиот доход за ноември 1989 година и периодот јануари-ноември 1989 година

1. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник, без средствата за непосредна заедничка потрошувачка, за ноември 1989 година изнесува 14.170.000 динари.

2. Просечниот месечен пресметан чист личен доход по работник, без средствата за непосредна заедничка потрошувачка за периодот јануари-ноември 1989 година изнесува 4.089.000 динари.

Координационен одбор
Претседавач,
**Софија Тодорова**, с. р.

---

Врз основа на член 76 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ" бр. 45/77, 3/83, 3/85, 42/85, 46/86, 43/87, 18/89, 28/89 и 36/89), Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика

ОБЈАВУВА

Загарантираниот личен доход во Републиката за месец ноември 1989 година изнесува 6.657.000 динари.

Бр. 12-7038
23 ноември 1989 година
Скопје

Претседател
на Републичкиот комитет за труд, здравство и социјална политика,
д-р **Јанко Обочки**, с. р.

---

**СОДРЖИНА**


730. Закон за изменување на Законот за административните такси — — — — — — 733

731. Одлука за организирање на Железничката транспортна организација со ООЗТ-а — Скопје како јавно претпријатие — — 735

732. Одлука за организирање на работна организација за одржување на јавните патишта „Македонијапат" — Скопје како јавно претпријатие — — — — — — 735

733. Одлука за организирање на работната организација за поштенски, телефонски и телеграфски сообраќај „Македонија" — Скопје како јавно претпријатие — — — 736

734. Одлука за организирање на работна организација за производство, пренесување и дистрибуција на електрична енергија „Електростопанство на Македонија" — Скопје како јавно претпријатие — — — 736

735. Одлука за согласност на Собранието на СРМ со Одлуката за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1. XI. до 31. XII 1989 година — — — — — — — 737

736. Одлука за давање согласност на Одлуката за зголемување на ставките на наградата за дадена правна помош од страна на адвокатите предвидена во Тарифата за наградата на надоместокот на трошоците за работа на адвокатите — — — — 737

737. Одлука за користење на средствата од Постојаната резерва на СР Македонија — 737

738. Одлука за изменување на Одлуката за поблиските намени, начинот и условите за користење на паричните средства на Републиката и општините што се водат како депозит во Народната банка на Македонија во 1989 година — — — — — 737

739. Упатство за изменување на Упатството за начинот на запишување, уплатување, користење и враќање на средствата од заемот, како и формата и текстот на обврзниците — — — — — — — — — 738


**Општи акти на самоуправните интересни заедници**


343. Одлука за стапката на придонесот од личниот доход за пензиското и инвалидското осигурување од 1 ноември до 31 декември 1989 година — — — — — — — — 738

344. Одлука за стапките на придонесот за пензиското и инвалидското осигурување од доходот за стажот на осигурување што се смета со зголемено траење од 1 ноември 1989 до 31 декември 1989 година — — 738

345. Одлука за стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците за 1989 година — — — — 739

346. Одлука за престанок на Основната заедница на пензиското и инвалидското осигурување — Кавадарци — — — — — 740


**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје. ул. „Васил Ѓоргов" бб. Пошт. фах. 51. Телефон 228-204. Директор и одговорен уредник Ружа Зузаровска. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печат Графички завод „Гоце Делчев" — Скопје**